РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 12-649/2
20-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошен текст ДКСК), на 51-та седница одржана на 31.08.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1823/1 од 24.04.2020 година доставена до ДКСК од познат подносител **СЕ ОТФРЛА** од причина што ДКСК нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1823/1 од 24.04.2020 година оформен врз основ на доставената пријава да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1823/1 од 24.04.2020 година е оформен врз основа на пријава број 12-1823/1 од 24.04.2020 поднесена од подносителите ------------ и -------------- од Тетово со наводи за приватизацијата на АД ------------ Тетово и незаконски откуп на акциите од вработените. Како носители на незаконските активности се наведуваат политичката парија --------- и -----------. По извршената анализа на изнесените наводи, ДКСК констатира дека носителот на посочените незаконски активности се партија која не е повеќе активен субјект во Република Северна Македонија, а физичко лице е одамна починато поради што ДКСК нема основ за преземање активности во нејзина надлежност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, како и фактот што подносителите на пријавата немаат доставено адреса за повратно известување, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: Ј.Ц., раководител на одделение
Одобрил: К.Н., член